# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА КАРПОШ

*07.05.2026 година * Број 9 * Година XX *
Излегува по потреба
e-mail: kontakt@karpos.gov.mk, www.karpos.gov.mk

Скопје, Мај, 2026 година

Врз основа на член 50, а во врска со член 8 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), согласно со член 55, став 2, алинеја 9 од Статутот на Општина Карпош - пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.03/2026), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување Решение за определување член на Советот кој ќе го заменува градоначалникот во случаи на спреченост или отсуство**

1. Се објавува Решение за определување член на Советот кој ќе го заменува градоначалникот во случаи на спреченост или отсуство бр.11-4499/1 од 07.05.2026 година, донесено од Градоначалникот на Општина Карпош.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-4500/1**
**Датум:07.05.2026 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Сотир Лукровски, с.р.**

Број: 11 -4499/1
Датум: 07.05.2026 година
Скопје

Врз основа на член 52 став 5 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 28 од Статутот на Општина Карпош – пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош бр.03/2026 година) Градоначалникот на Општина Карпош го донесе следново:

**Р Е Ш Е Н И Е**

за определување член на Советот кој ќе го заменува градоначалникот во случаи на спреченост или отсуство

1. Се определува лицето Неделчо Крстевски, член на Советот на Општина Карпош, да го заменува градоначалникот на Општина Карпош во случаи на негова спреченост или отсуство.
2. Се овластува Неделчо Крстевски, за потписник на сите сметки и финансиски документи на Општина Карпош во случаите од точка 1 на ова Решение.
3. На членот на Советот му мирува функцијата член на Совет на Општина Карпош, за време кога го заменува градоначалникот.
4. За времето кога го заменува градоначалникот, лицето од член 1 на ова Решение ги има истите права и обврски како и градоначалникот.
5. Ова Решение стапува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**О б р а з л о ж е н и е**

Во одредбите од член 52 став 5 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) е наведено дека градоначалникот определува кој од членовите на Советот ќе го заменува во случаи на спреченост или отсуство, во согласност со постапка утврдена со статутот.

Во ставот 6 од истиот член е наведено дека на членот на Советот ќе му мирува функцијата член на Советот за времето кога го заменува градоначалникот.

Во став 7 од истиот член е наведено дека претседателот на Советот не може да го заменува градоначалникот.

Со оглед на горенаведените одредби, градоначалникот донесе Решение како во диспозитивот.

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ
Сотир Лукровски, с.р.

СОДРЖИНА

1. **Решение за определување член на Советот кој ќе го заменува градоначалникот во случаи на спреченост или отсуство , со Решение за објавување**

**Издавач:**
**Општина Карпош**
**Уредува: Одделение за поддршка и организација на работата на Советот**
**Адреса: ул.„“Никола Русински“ бр.11, Скопје**
**Тираж: 10 примероци**